РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-736/4
05-05-2026 г./v.

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-1732/1 од 10.06.2025 година, оформен по доставена пријава во врска со сомневање за незаконито поставување за в.д. Директор на ДСУ РЦСОО “----” ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за понатамошно постапување.

Пријавата да се достави на понатамошно постапување до Министерството за образование и наука и Државниот просветен инспекторат.

Предметот со бр. 12-1732/1 од 10.06.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 10.06.2025 година, поднесена е пријава, во врска со наводно незаконито поставување за в.д. Директор на ДСУ РЦСОО “----” ---- (понатаму: в.д. Директор) и оформен е предмет бр. 12-1732/1 од 10.06.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнеж за незаконито поставување за в.д. Директор на лицето ----, извршено на ден 10.04.2025 година. Согласно

наводите на подносителот, ---- немал положено испит за директор, претходно бил разрешуван од функција директор, како и наводи дека имал историја на дисциплински мерки изречени заради насилство.
До ДКСК на ден 10.07.2025 година е доставена нова пријава, заведена кон веќе оформениот предмет, и истата содржи идентични наводи како во пријавата, дополнета со цитирање на законските одредби коишто биле повредени од страна на Министерот за образование според мислењето на подносителот на пријавата.
До ДКСК на ден 28.07.2025 година, доставено е дополнување на пријавата, во кое е дополнето дека подносителот имал сознанија дека Инспекцискиот совет оценил дека в.д. Директорот бил поставен незаконски и бил даден налог за поведување на дисциплинска постапка за инспекторот од Државниот просветен инспекторат кој не постапил исправно и ја запрел постапката.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК се обрати до ДСУ – РЦСОО "----" с. ----, ----и до Државен просветен инспекторат (понатаму: ДПИ) со дописи – Барање за доставување на податоци и информации, со цел обезбедување на документација во однос на пријавените наводи.

Во законски утврдениот рок беа доставени одговори на нашите барања од страна на училиштето и ДПИ. Во дописот доставен од страна на ДПИ е наведено дека од нивна страна веќе бил извршен вонреден инспекциски надзор и бил составен записник во кој не се констатирани неправилности во работењето на субјектот на надзор, поради што постапката се запира.

Во горенаведениот записник е наведено дека со Решение бр. ---- од 11.04.2025 година, за в.д. Директор на училиштето бил именуван ---- од страна на министерката за образование и наука на РСМ.

Во однос на наводот за поведената дисциплинска постапка за в.д. Директорот, кој како наставник по хемија во октомври 2024 година имал направено физичко и вербално насилство врз ученичка од ---- клас, ДПИ констатирал дека за истото било веќе постапувано и имало составено Записник.

Во однос на наводот дека в.д. Директорот не поседувал Уверение за положен испит за директор на училиште, на инспекторите им била приложена копија од Уверение со дел. бр. ----издадена од Комисија за полагање на испитот за директор на средно училиште на ден 19.07.2006 година, со што инспекторот заклучил дека

наводот во претставката е неоснован, односно именувањето е согласно член 39 став (3) од Законот за стручно образование и наука.

Во однос на наводите за недолично, вулгарно и дрско постапување на в.д. Директорот кон вработените на училиптето, ДПИ констатирал дека веќе е постапувано од нивна страна и за истото бил составен Записник. ДПИ наводот го отфрлил како неоснован.

Со цел дополнително утврдување на фактичката состојба, ДКСК со допис се обрати до Државниот испитен центар и побара информација дали в.д. Директорот поседува валидно Уверение за положен испит за Директор на Училиште.

Од страна на ДИЦ беше доставен одговор дека **лицето ---- положил испит за директор на училиште во 2006 година**, но бидејќи во сила бил нов Закон за обука и испит на директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење ("Службен весник на Република Македонија", бр. 10/25, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 I 140/18 и ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 235/24), според кој кандидатите кои се стекнале со уверение за директор согласно прописите кои важеле до денот на отпочнување на примената на овој закон, биле должни најдоцна до 1 Септември 2020 година, да го положат испитот за директор и да се стекнат со уверение. **Во евиденцијата на ДИЦ не постоел податок дека горенаведеното лице го положило испиот за директор согласно одредбите на актуелниот закон.**

Во однос на наводите за направено физичко и вербално насилство од негова страна, односно дрско и вулгарно постапување спрема вработените, оштетените има право да бараат заштита пред надлежен суд согласно член 36 од Закон за заштита од вознемирување на работно место.

Во однос на наводите за неправилно постапување на инспекторот од Државниот просветен инспекторат, напоменуваме дека ДКСК не е надлежна да го оценува работењето на државните просветни инспектори, односно основаноста /законитоста на актите што ги изработуваат истите, а предметот ќе го достави на надлежно постапување до Министерството за образование и наука и Државниот просветен инспекторат.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

*Според член 5 став 1 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/2025 и 74/2025) (понатаму: ЗПИ), Државниот просветен инспекторат го раководи директор кој на предлог на министерот за образование и наука (понатаму: министерот), го именува Владата на Република Македонија.*

*Според член 35 став 2 од ЗПИ, постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на инспектор се води согласно со Законот за државните службеници.*

*Според член 75 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), дисциплинските мерки против административниот службеник за дисциплинска неуредност ги изрекува секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од седум дена од денот на добиениот писмен извештај од претпоставениот административен службеник.*

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Контролирал: м-р К.З. раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д./S.D член/anëtar на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија